# ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИ ЗА РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКО - СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) на Општина Крива Паланка на 12.12.2024 година (четврток), организираше Форум за утврдување на приоритети за работата на ова консултативно-советодавно тело за 2025 година, кое беше формирано со одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

Настанот се одржа во салата на Општинскиот совет на Крива Паланка, на кој присуствуваа 25 учесници – членови на ЛЕСС, претставници на локалната самоуправа, советници во Советот на општината, претставници на бизнис секторот, Центарот за социјални работи, Младинскиот совет, СОУ „Ѓорче Петров, граѓанскиот сектор и други.

Во воведното обраќање на форумот, модераторот Жаклина Цветковска даде краток осврт на улогата, задачите и значењето на Локалниот економски-социјален совет за локалната заедница како трипартитно тело кое ги донесува одлуките со консензус и ги застапува интересите на сите засегнати страни – работодавачите, синдикатите и локалната самоуправа. Цветковска ги истакна и целите на Форумот, посочувајќи дека учесниците треба да ги одредат приоритетните области на кои ќе биде посветен ЛЕСС Крива Паланка во 2025 година , со листа на конкретни активности за нивно унапредување.

Од името на Советот на Општина Крива Паланка се обрати советникот Влатко Ристовски, кој истакна дека има особена чест и задоволство да биде дел од настанот поврзан со делувањето на ЛЕСС Крива Паланка, чија работа Советот ќе ја подржи и ќе го поврзе со локалната заедница. Ристовски рече дека очекува да се генерираат идеи и да се направи приоритетна листа на потреби на локално ниво , што се планира да бидат вклучени во програмата на ЛЕСС за 2025 година. Како човек од бизнис секторот тој апелираше што повеќе чинители да се вклучат во овој процес, давајќи посебен осврт на потребата за развој на малите и средни претпријатија, односно семејните бизниси како основен двигател на локалната економија во Крива Паланка. Тој посочи дека заради недостигот на работна сила и финансиски средства, потребни се мерки за стимулативна развојна политика, што ќе обезбеди проширување на пазарот и зголемување на конкурентноста.

Ристовски посебно ги издвои мерките и активностите на Општина Крива Паланка, кои придонесуваат за зголемување на влијанието на ЛЕСС во процесот на креирање локални политики за подобрување на локалната бизнис клима. Како битна алатка ја издвои постојаната комуникација и повремените состаноци на ЛЕСС во дефинирањето на локалните приоритети за развој и потребите на пазарот на труд. Исто така, како што рече, мошне е важна и општествената одговорност, заштитата на животната средина и подобрувањето на условите за работа, за што Општина Крива Паланка доделува и награда за најдобра општествено одговорна компанија. На крајот ја истакна и репрезентативната улога на ЛЕСС претставена преку социјалните партнери- синдикатите и организациите на работодавачи, заедно со претставниците на локалната самоуправа. Посака успешна работа на Форумот во која активно беше вклучен.



*Слика 1. Обраќање на советникот Влатко Ристовски*

Потоа, модераторот Цветковска детално ги информираше присутните за функционирањето и задачите на ЛЕСС Крива Паланка. Таа најпрвин го објасни социјалниот дијалог како процес кој ги вклучува сите видови преговори, консултации и размена на информации меѓу претставниците на владите, работодавачите и работниците, поврзан со економско-социјалната политика. Потенцираше дека социјалниот дијалог е дел од европскиот социјален модел и дека може да има бипартитна или трипартитна форма. Накратко, објасни како се одвива социјалниот дијалог во РСМ, ги претстави членовите на националниот економски совет и акцентираше дека од редот на социјалните партнери во работата на ЕСС учествуваат 4 члена од Организацијата на работодавачи и 4 члена од Сојузот на синдикати на Македонија. Цветковска подвлече дека ЕСС дава мислења, предлози и препораки за закони и други прописи, национални стратегии и програми кои се поврзани со економско-социјалните интереси на работниците и работодавачите, потенцирајќи дека мислењето по однос на законите од областа на работните односи, вработувањето, пензиското и инвалидското осигурување и безбедноста и здравјето при работа е задолжително.

Цветковска се осврна на улогата на ЛЕСС и информираше дека ова консултативно-советодавно тело придонесува за економскиот и социјален развој во заедницата, вработувањето, особено на младите, животниот стандард, намалување на сиромаштијата, подобрување на работните услови и заштитата при работа, здравствената и социјална заштита на ранливите групи, образованието и професионаната обука, унапредување на колективното договарање итн. Посебно истакна дека ЛЕСС дава мислења, предлози и препораки до градоначалникот, Советот на Општината и други органи за одредени прашања од економско социјалната сфера , особено

прашањето за вработувањето на младите, а влијае и на зајакнување на суштинските врски помеѓу потребите на пазарот на труд и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот процес. Истовремено ги наброи и задачите на ЛЕСС за воспоставување и одржување на дијалогот на социјалните партнери во различни области и за повеќе целни групи. Детално ја објасни и структурата на ЛЕСС Крива Паланка, функционалноста и механизмите за унапредување на социјалниот дијалог и неговиот легитимитет. Притоа, појасни дека во ЛЕСС Крива Паланка членуваат претставици на Општина Крива Паланка, Локалниот економски совет, Сојузот на синдикати на Македонија и Конфедерација на слободни синдикати, вкупно 12 членови, како и дека во ова тело партиципираат надворешни членови од повеќе институции и организации.




*Слика 2. Презетација на модераторот Жаклина Цветковска*

Претседавачот на ЛЕСС Крива Паланка Антонио Давитковски и секретарот Сашко Додевски се осврнаа на целите и активностите на Програмата за ЛЕР за 2025 година, истакнувајќи дека е направена врз основа на претходни проценки и анализи на заедницата за подобрување на локалната политика , како и поттикнување на развојот на малите и средни претпријатија. Активностите, пак, се креирани според потребите на локалното население.

Давитковски истакна дека развојни приоритети на локалниот економски развој се поддршка на МСП и претприемништвото, привлекување на нови инвестиции, развој на туризмот, рурален развој, енергетска ефикасност и унапредување на регионалната и меѓународна соработка

за креирање нови партнерства. Најголем акцент беше даден на активностите и мерките за зголемување на влијанието на ЛЕСС Крива Паланка за поттикнување на економско-социјалниот развој, особено на туризмот како најголем потенцијал за локалната економија и бизнис заедницата. Давитковски посочи дека општината е соочена со големи предизвици во оваа област, особено поради слабата заинтересираност на бизнис заедницата, но и поради необезбедената инфраструктура и човечки ресурси во туристичката дејност. Како што напомена, во општината нема туристичко биро за прифаќање на туристите и организирање на туристички тури, нема инспектор од економско-туристичката дејност, ниту пак соодветна туристичка понуда и доволно капацитети за потенцијалните туристи. Истовремено, општината не реализира средства од туристичка такса, бидејќи постоечките капацитети немаат направено категоризација на објектите. Сето тоа придонесува да не можат да се ефектуираат средства од туристите, ниту пак тие да се задржат повеќе денови во Крива Паланка. Затоа, според него треба да биде креирана регионална туристичка понуда која би ги опфатила Куманово и Кратово, како и Ќустендил во соседна Бугарија.Како што рече, улогата на ЛЕСС би била да ги сублимира сите локални актери и да ги мотивира да инвестираат во туризмот.



*Слика 3. Обраќање на претседавачот на ЛЕСС Антонио Давитковски*

Додевски се осврна на потребата за изработка на стратегија за МСП, како и локален план за вработување. Истакна дека МСП се соочуваат со бројни предизвици во современиот бизнис амбиент, вклучувајќи пристап до финансии, иновации, нови технологии, работна сила,

административни бариери и регулативи. За да се обезбеди нивниот одржлив раст, потребно е да се создаде стратегија која ќе се фокусира на обезбедување на субвенции, унапредување на пристапот до кредити, грантови и инвестиции за МСП, креирање поволни услови за стартапи, а обуките  да бидат усогласени со потребите на пазарот на трудот и да се охрабрат младите да започнат бизнис или да работат во секторот.

Во однос на локалниот план за вработување, Додевски посочи дека предвид мора да се земат спецификите на регионот  и потребите на пазарот на трудот. Локалниот план, рече, треба да се фокусира на идентификување на локалните потреби за создавање работни места, со акцент на ранливите категории како што се младите, жените и долгогодишно невработените. Исто така,треба да се усогласат образовните програми со потребите на индустриите во регионот, како и да се воспостават програми, обуки и практикантски работни места во соработка со локалните бизниси. Како пример, Додевски  ја истакна општината Бузет од Истра, Хрватска со која Крива Паланка е збратимена. Го пренесе искуството за активното ангажирање на локалното население и локалната бизнис заедница во промовирањето и пласирањето на тартуфи со кои е богато подрачјето, како модел за развој на локалната заедница преку искористување на природните ресурси.



*Слика 4. Обраќање на секретарот на ЛЕСС Сашко Додвски*

По презентациите, учесниците на  Форумот развија широка дискусија околу  улогата и можностите на ЛЕСС, кој треба активно да работи и да предлага иницијативи до локалната самоуправа. Учесниците посебно се осврнаа на незаинтересираноста на бизнис заедницата за вклучување во работата на ЛЕСС, но и во сите локални иницијативи. Советникот Ристовски рече дека секој би требало да има одговорност да придонесува за заедницата и да се отповикува на иницијативите на општината. За да се знаат реалните потреби и предизвици со кои се соочуваат бизнисмените и претприемачите треба да има повратен одговор од нивна страна, што ќе биде патоказ за креирање на локалните политики и стратешки документи. Давитковски кажа дека општината прави напори рамноправно да ги вклучи во креирањето на локалните економски планови и програми, но дека  не пројавуваат интерес за соработка и учество. Како пример ги посочи и изборот на најдобра општествено одговорна компанија, избор на најдобар земјоделец, обуки за искористување на можностите за продажба од праг за домашните производители, субвенции за органско производство и слично. Игор Николовски, член на ЛЕСС,  даде идеја во социјалниот дијалог да се вклучат што повеќе млади од ИТ секторот, кои можат да најдат интерес во локалната заедница. На крајот од дискусијата беше заклучено дека мора да се изнајде соодветен пристап кон бизнис заедницата за да се поттикне нивната вклученост во локалните иницијативи и политики.

По дискусијата, се пристапи кон одредување на приоритетните области за работа на ЛЕСС Крива Паланка за 2025 година. Беа дадени повеќе идеи и предлози, по што учесниците одлучија да дефинираат активности во следниве приоритетни области: туризам, млади и социјално-економско зајакнување на ранливите групи. Учесниците се поделија во три работни групи, дискутирајќи за најприоритетните проблеми и потреби во локален контекст и изготвија предлог листи со активности.







*Слика 5. Работа во групи за приоритетни области*

**Приоритетна област 1: Туризам**

Во оваа област беа истакнати повеќе предизвици за развојот и тоа: недостиг на туристичка понуда, немање доволен број сместувачки капацитети, дефицит на туристички водичи, непостоење на туристичко биро, сувенирница со локални производи, неизградена инфраструктура на туристичките локалитети, неефектурирање средства од туристичка такса, некатегоризирни туристички објекти и слично. По идентификувањето на проблемите, работната група изготви и листа со приоритетни активности.



*Слика 6. Презентација на активности за туризам*

| **Приоритетна област 1: Туризам** | |
|---|---|
| Предлог активности: | |
| 1.1 | Формирање на Локален туристички инфо центар |
| 1.2 | Преземање на добри практики и искуства од Балканот |
| 1.3 | Промовирање на дитилна платформа-апликации за туристичките атракции |
| 1.4 | Обезбедување обуки за младите во областа на туристичките дејности (водичи, промотори, иноватори...) |
| 1.5 | Поддршка на локалните занаети |
| 1.6 | Промоција на локалната гастрономија |
| 1.7 | Креирање на тематски туристички тури (локалната историја, култура, традиции, легенди и природни убавини. |
| 1.8 | Организирање на фестивали, саеми, и други настани за промоција на туристичкиот потенцијал во регионот |

**Приоритетна област 2: Млади**



*Слика 7. Презентација на активности за млади*

Во областа Млади беа идентиикувани следните проблеми: иселување на младите, невработеност, недостиг на квалификувани кадри,незаинтересираност на локалните бизниси за практиканска работа на младите, мали можности за вработување во добро платени струки, немање младински центар, недостиг на вештини за проекти и аплицирање за стартапи и сл. Врз основа на овие проблеми беше креирана и приоритетната листа на активности во оваа област.

| Приоритетна област 2: Млади | |
|---|---|
| Предлог активности: | |
| 2.1 | Подршка за обезбедување учебници за стручните паралелки во средното образование |
| 2.2 | Создавање можности за практиканство |
| 2.3 | Прилагодување на образовните програми(струки) според потребите на младите и барањата на глобалниот пазар |
| 2.4 | Основање на Младински центар за поддршка на нивните идеи и иницијативи |
| 2.5 | Формирање на инкубатори за млади претприемачи |
| 2.6 | Поголема вклученост на младите во прекуграничните проекти на општината |
| 2.7 | Обезбедување менторска поддршка за младите за разни области на интерес |
| 2.8 | Поддршка за развој на дигитални и медиумски вештини |

**Приоритетна област 3: Социјално-економско зајакнување на ранливите групи**



Во оваа област беа потенцирани повеќе предизвици со кои се соочуваат ранливите групи, особено жртвите на семејно и родово базирано насилство и тоа: висока невработеност и нееднакви можности на пазарот на труд, недостаток на образование и вештини, ниско ниво на приходи, дискриминација и маргинализација, мал број социјални услуги, ниска интеграција во заедницата, социјална исклученост и економска зависност. Исто така како социо-економски проблем беше потенциран и диспаритетот помеѓу жителите на руралните и урбаните населени места односно потребата од намалување на разликите помеѓу жителите на руралните населени места и намаливање на чувството на исклученост и маргинализираност од една страна и подобрување на инклузијата на сите граѓани на локално ниво преку развој на локална инфраструктура. Работната група даде повеќе предлог активности за подобрување на состојбата на ранливите групи.

*Слика 8.Презентација на активности за социјално-економско зајакнувањена ранливи групи*

| Приоритетна област 3: Социјално-економско зајакнување на ранливите групи | |
|---|---|
| Предлог активности: | |
| 3.1 | Создавање услови за работно ангажирање на ранливите групи |
| 3.2 | Вклучување на пазарот на труд на руралните жени и жените домаќинки |
| 3.3 | Зголемување на вработливоста на жените жртви на семејно и родово базирано насилство |
| 3.4 | Обуки за развој на вештини за струки барани на пазарот на труд |
| 3.5 | Обуки за водење бизнис |
| 3.6 | Обезбедување лична и персонална асистенција за ранливите групи |
| 3.7 | Соработка со бизнис секторот за вклучување на ранливите групи |
| 3.8 | Формирање на сервис за информирае и упатување на ранливите групи |
| 3.9 | Вклучување на ранливите групи во носењето одлуки на локално ниво |
| 3.10 | Развој на инфраструктура за поддршка на социјално ранливи и маргинализирани групи |

| | |
|---|---|
| | (јавно осветлување, пристапни патеки и рампи, улици и патишта во рурални населени места) |

На крајот од Форумот, Работните групи ги презентираа активностите од приоритетните области. Беше заклучено дека е потребно да се изготви програма со акциски план за работа на ЛЕСС за 2025 година.

Учесниците изразија задоволство од постигнатите резултати на Форумот и подготвеност да се вклучат во понатамошните активности на ЛЕСС Крива Паланка.

**<u>Заклучоци и препораки:</u>**

- Да се изнајде соодветен пристап за вклучување и активно учество на бизнис заедницата во локалните иницијативи, вклучително и во работата на ЛЕСС.
- Да се искористат искуствата и добрите практики од збратимените градови, преку студиски посети и заеднички активности.
- Да се формира Младински центар како место каде младите ќе се обучуваат и ќе развиваат вештини.
- Да се прилагодат образовните програми на потребите на младите и на глобалниот пазар.
- Да се обезбеди поголема поддршка за социјално-економско зајакнување на ранливите групи.
- Да се реализира поставување на јавно осветлување на локалниот патен правец и пешачката патека во село Варовиште кон Манастирот Св.Јоаким Осоговски и кон локалитет Калин Камен.
- Да се обезбеди поддршка од општината за реализација на програмата на ЛЕСС.
- ЛЕСС да преземе поголема иницијатива за генерирање идеи и давање препораки до градоначалникот, Советот, работодавачите, синдикатите и други институции.

Изработила:

Жаклина Цветковска, модератор на Форумот

17.12.2024